# OCCURRENCE AND DEVELOPMENT OF SCHOOLS

**Rabije Murati**
University of Tetovo – Faculty of Pedagogy, Republic of North Macedonia, rabije.murati@gmail.com, rabije.murati@unite.edu.mk

**Abstract:** The philosophy of the school is a complex issue and it is in the interest of overall development. The school in its historical development and history of pedagogical thought has a special place. It is in the process of change and transformation. The society needs quality school organization, since it is a social institution that opens paths and perspectives for the individual.
Through the school's best promotes and develops culture, art, education, science and civilization. The school is characterized by some basic elements such as modernization, rationalization, efficiency, economy.
A fundamental pillar of society regarded school. The aim of the school is modeling the new interests while its content serves as an incentive for young people and civilization.
The school is the only institution where an organized and planned manner to realize the educational work. The task of the school is to create a competent and willing people who will respond to the needs of time before us. Therefore the school could rightly call and place a source of knowledge, skills and the formation of positive habits in children and youth. Only literate and educated people can suit the modern demands of the new era.
Over time the school has undergone changes and reforms, which originated from the need of the society in general and the need of the labor market. The school, as the only institution through which the individual is formed and developed, has always strived and strives for development. Changes are part of life and thus reforms in education and especially in school are inevitable, if we want to develop human resources through which we can develop the overall social development.
Modern civilization requires modern and developed people, intellectuals who will not only acquire certain knowledge but will be able to implement and materialize that knowledge in everyday life.
The school is an institution where the changes occur.
The changes in the education and in the institution of the school, require new contents, new ways and models of work as well as a new procedure and a new organization of the work of the school.
**Keywords:** school, development, education, civilization.

# ПОЈАВА И РАЗВОЈ НА УЧИЛИШТЕТО

**Рабије Мурати**
Универзитет во Тетово - Педагошки Факултет, Република Северна Македонија,
rabije.murati@gmail.com , rabije.murati@unite.edu.mk

**Абстракт:** Филозофијата на училиштето е комплексно прашање и е во интерес на севкупниот развој. Училиштето во нејзиниот историски развој и историјата на педагошката мисла има посебно место. На општеството му треба квалитетна организација на училиштето, бидејќи тоа е општествена установа која отвара патишта и перспектива за единката.
Преку училиштето најдобро се афирмира и развива културата, образованието, уметноста, науката и цивилизацијата. Училиштето го карактеризираат некои основни елементи како што се: модернизацијата, рационализацијата, ефикасноста, економичноста.
Основен столб на иоштеството се смета училиштето. Целта на училиштето е моделирање на новите интереси додека нејзината содржина служи како поттик за младите и цивилизацијата.
Училиштето е единствена установа каде што на организиран и планиран начин се реализира воспитно-образовната работа. Задача на училиштето е креирање на комптентни и подготвени луѓе кои што ќе одговараат на потребите на времето што ни престои. Затоа училиштето со право може да го наречеме и место за извор на знаења, умеења и стварање позитивни навики кај децата и младите. Само образувани и воспитани луѓе можат да оговараат на современите барања на новото време.
Со тек на времето училиштето претрпело измени и реформи, кои произлегувале од потребата на општетсвото во целина но и потребата на пазарот на трудот. Секогаш училиштето како единствена институција преку која се оформува и развива единката, тежнеела и тежнее кон развиток. Измените се дел од животот а со тоа и реформите во образованието а посебно во училиштето се неизбежни, ако сакаме да развиваме човечки ресурси преку кои ќе можеме да го развиваме целопкупниот општествен развиток.

Совемената цивилизација бара современи и развиени луѓе, интелктуалци кои не само ке се здобијат со одредени знаења туку ќе бидат способни тие знаења да ги имплементираат и материјализираат во секојдневниот живот.
Училиштето е институција каде што се случуваат промените.
Промените во образованието и во институцијата училиште, налагаат нови содржини, нови нашини и модели на работа како и нов простап и нова организација на работење на училиштето.

**Клучни зборови:** училиште, развој, образование, воспитание, цивилизација

## 1. РАЗВИТОКОТ НА УЧИЛИШТЕТО ОД РАНИТЕ ЦИВИЛИЗАЦИИ ДО ДЕНЕС

Развојот на училиштето, а со тоа и на образованието и воспитанието како битни чинители на развојот на општетсвото а со тоа и на единката, може да се следи дури и од раните цивилазции. Првите пишувани трагови ги наоѓаме во глинените плочи во Акада (Сумер), Александрија (Египет), кои се пишувани со посебно писмо хиероглифите, кои за современата цивилизација биле непознати и им требале стотини години да ги прочитат.

Првите училишта се појавуваат во Сумера (Акад) околу 3500 години пред нашата ера. Во сумерските училишта освен употребата на глинените плочи се учело да се пишува со трска, се учело сметање, што секако дека е основно учење или основни познавања; исто така се учело и граматика и стилистика. Освен знаењата кои им биле потребни на градителите, лекарите, свештениците, и др., се учеле и тие знаења кои им биле потребни на оние кои што го воделе сложениот политички живот: како што се судиите, државните службеници, управниците на работилници и др.

Сумераните училиштето го нарекувале “Куќа на таблици” додека учениците “синови на куќата на таблици”. Редот и учењето во овие куќи го водел управникот или “таткото на куќата на таблици”.

Сумераните го ценеле образованието и учениот човек (што покасно кај Баблонците зборот сумеранин значел учен човек). Звањето учител и писар биле многу угледни во тоа време (Е/Кале, 1998, стр. 52).

Појавата на училиштата има значење за понатамошниот развиток на човекот, општеството и културата, бидејќи во неа се средуваат, систематизираат и пренесуваат искуствата на човештвото.

Така поаѓајќи од старите цивилзации како што се Кина, Египет, Месопотамија, училиштата биле подобро организирани и повеќе меѓусебно поврзани во систем, доколку националната односно државната организација била поширока и постабилна. Од друга страна пак државната организација покажува неколку долгорочни цели или политики кои што тежнее да ги постигне токму преку училиштето и воспитанието (Трнавац, Н. (1987) стр.111).

Средниот век се карактеризира со процесот на обединување или воено освојување на феудите и кнежевствата со што доаѓа до создавање на големи држави, така што било тешко и напорно да се вклопат различни типови на училишта, нивоа и карактери во еден поширок о поцелосен систем, систем кој што ќе биде организиран од државата. Така, во 17 и 18 век доаѓа до појава на првите училишни системи кои беа поврзани со државната организација, а карактеристично за системот е тоа што системските елементи на тој систем, а во нашиот случај на училиштето, требаа да делуваат слично или исто (Трнавац, Н, 1987).

Почетокот на 19 век е најпогодниот период з развој на училиштето на сите нивоа, видови на училишта. Во овој период се појавува потребата од воведување на ред помеѓу тие училишта. Така Коменски вовел ред во наставата и училиштето, додека Хербарт и неговите следбеници воведуваат ред во целина на научниот систем – педагогијата.

Времетео на индустриската револуција е карактеристично за тоа што индустриското производство има потреба од интензивен развој не само на основните училишта туку и на основање на средни училишта, а особено појава и развој на факултетите и тоа на факултети од реален тип кои што ќе произведат работна сила која што ќе може да се справи со машините за производство, а воедно ќе го зголеми и самотот призводство. Напоредно со конституирањето на училишниот систем како битна појава или потреба можеме да ја нагласиме и појавата на задолжително школување, така, како што поедини делови или државо на Европа се индустријализираат така тие ја озаконуваат обврската на училиштето, а водено и го продолжуваат задолжителното школување (во некои дрќави тоа било 6 години, во други 8, и тн.).

Периодот на 18 и почетокот на 19 век се карактеризираат со појавата на училишните правила, регулативи и училишни закони. Со поголемата потреба за подобра организација на системот доведува до појавата и на зајакната контрола и надзор.

Периодот на 19 и 20 век се карактеризира по тоа што луѓето барале подобра организираност на своите институции и системот. Во таа потреба за подобро организираност луѓето често зпаѓале во шематизирање на меѓучовечките односи, каде што од системи и норми не се гледало човекот односно индивидуата.

Верувањето во семоќта на организиран политички дрќавен или училишен систем ги заслепило и оние на кои што развивањето и зчувувањето на здравиот разум им била основна дејност.
Нема да грешиме ако кажеме дека училиштето е институција за органзирано образование и воспитание на единката. Некогаш училиштето било последица а не причина, што во новиот век се повеќе таа ќе биде причина на економскиот просперитет на поедини општества. Тоа особено важи за периодот на научно-технолошката револуција па наваму, кога доаѓаат до израз технологијата, нивото на науката, и се поголемиот и интензивен развој на техношкиот свет.
Од сето кажано погоре од аспект на проблемот на проучување, може да се каже дека прво дошло до развој на идејата за народни училишта и з сите на мајчин јазик без разлика на етнитет (едно време се учело на латински јазик), потоа доаѓа до зголемување на бројот на видовите на средни стручи училишта, а потоа и до зголемување и на бројот на факултети а особено на оние од областа на природните и техничките науки. Со тоа е затворена изградбата на класичниот училишен систем кој во себе содржи (четиригодишно, па потоа осумгодишно) училиште, средно училиште и факултет (Трнавац, Н,. Џорцевич Ј., 1995).
Историски гледано може да кажеме дека постепено со развојот на училиштето се развива и општеството, така што како се развивало и се менувало општеството се менувале и задачите, целта, методите, средствата, содржините, положбата на учениците во училиштето.
Појавата на нова епоха на новата светска цивилизација го пренагласува барањето на нови педагошки идеи, нови концепти, нови тероии и трагања по нови ефикасни и пракични решенија.
Кога зборуваме за трансформација на училиштето од традиционално во современо, неизбежно е истото да се реорганизира и да се смета за внатрешна и надворешна реорганизација на училиштето.
Современото училиште за основна намена мора да ги дефинира следниве барања како:

- ✓ Да му овозможи на ученикот да се разбере себеси;
- ✓ Да му овозможи на ученикот да го разбере својот круг;
- ✓ Да му овозможат на ученикот да го разбере светот во кој живее;
- ✓ Развијте комуникациски вештини;
- ✓ Развијте ја способноста да размислувате за себе;
- ✓ Да го обучи ученикот за независност (автономија) и оригиналност (Мурати. Р., 2014, стр.41)

Современото училиште треба да се состои од хуманистички карактер на образованието, партиципација на сите членови во работата на училиштето (наставник, ученик, родител), нивна меѓусебна соработка, отвореност во работата, транспарентност во работата и секако децентрализација на работата на училиштето (Мурати, Р., 2016).
Иако училиштата работат со ѕаеднички закони, планови и програми, тие многу се разликуваат едни од други: урбаното училиште се разликува од руралното, па дури и училиштата во градот или регионот се разликуваат меќу себе. Училиштата се разликуваат едни од други во архитектурата на зградата, во бројот на ученици, во активноста на родителите во неа, во поврзаноста на наставниците со учениците, во педагошката активност на наставникот, во успехот на учениците, во педагошка клима, во социјалните аспекти на училиштето.со управување со образовната работа, со имплементација на наставни технологии, со проекти и стратегии за работа итн. Значи, училиштата се разликуваат во различни аспекти. Тенденцијата за промена на училиштето е трајна. Неговата промена е обврска на наставникот, но исто така и на други фактори како што се лидерите, стручните служби, родителите, учениците, локалните власти итн.(Мурати. Џ., 2017, стр.27).
Реформите во образованието а со тоа и на учлиштето е тенденција која што е актуелна повеќе децении со цел да се достигне до современите барања но и до потребните измени кои што се дадени како предуслов на нашата земја за приклучување кон европското семејство. Со тоа се појавува и потребата секогаш да тежнееме кон подобро и празвиено образование кое ќе биде одговор на европсикте барања. Сметам дека тоа што е потребно на нашето образование воопшто но и на нашите училишта посебно, е демократизацијата на образованието и демократизација на училиштата. Само преку демократски живот во училиштата ќе може да креираме предуслов за формирање на демократско општество.
Демократизација на образованието подразбира воведување на предметот образование за демократија или граѓанско образование во формалното образование односно во училиштата. Образованието за демократија треба да се промовира преку образовниот процес, односно во процесот на наставата, преку различни показатели, за да се влијае во оспособување на младите лица за живот во демократија и сваќање на демократијата како општествен и политички систем. (Мурати. Р., 2019 стр. 49).
Училиштето е образовна институција, чија цел е да на систематски начин да го организира наставниот процес така што ќе го подобри развојот на учениците и тоа секогаш во согласност со нивните вештини и преференции, ќе им обезбеди на учениците стекнување на општи и стручни компетенции и ќе им

овозможува да учат во текот на целиот живот, што значи да го оспособува за перманентно образование и учење. (Мурати, Р., 2021).

## 2. ЗАКЛУЧОК

Учениците, без исклучок, заслужуваат да се образуваат во добра, квалитетна и здрава средина. Училиштето треба да се грижи за нив со цел да изгради позитивни односи, давајќи им простор да прават грешки но и да учат. Ако навистина очекуваме учениците да учат заедно со наставниците, тие прво мора да знаат и да чувствуваат дека ја имаат потребната грижа од нив. Исто така, треба да им се овозможи да учат едни за други но и едни со други, за да можат да изградат заедница во која заедно ќе растат и ќе се развиваат.

## ЛИТЕРАТУРА

Кале, Е,. (1988). Повијест цивилизације, Школска књига, Загреб
Мурати, Р. (2014). Metodika e punes edukative, Лума график, Тетово
Мурати, Р. (2016). Демократизација на воспитно-образовниот систем во Република Македонија, Тетово
Мурати, Р. (2019). Demokracia ne shkolle, Лума график, Тетово
Мурати, Р. (2021). Pedagogjia dhe shkollat alternative, Лума график, Тетово
Мурати, Џ. (2017). Pedagogjia shkollore, Тетово
Патаки, С., Вајнхат, Е., & Вукасовиќ, А. (1965). Опча педагогија, Загреб
Стратегија за развој на образованието 2018-2025 и план на делување – Скопје, Министерство за образование и наука на Република Македонија
Трнавац, Н. (1987), Школски систем на раскршчу, Београд
Трнавац, Н., & Џорџевич, Ј. (1995). Педагогија, Нучна књига, Београд